HYDROSTOP (течна гума)
Еластична хидроизолација
Hydrostop (течна гума / tecna guma) е специјална заптивна емулзија за ѕидови, рамни кровови, подруми, бањи, темели, базени, фонтани, балкони, и било кои други бетонски површини. Hydrostop (течна гума) е многу еластична, трајна, водоотпорна и декоративна во исто време. Може да се употребува внатре и надвор, на стари и нови површини. Идеалена е за површини со пукнатини поради својата еластичност. Се аплицира врз: малтер, цигли, натур бетон, гипс, стакло, дрво, иверица, метал и др. Може да се аплицира пред лепење на керамички плочки како и врз нив.
Особини: Филмот што го формира Hydrostop (течна гума) е комплетно отпорен на надворешни влијанија во подолг временски период. Површините премачкани со течна гума се рамни, без споеви и фуги. Производот може да се пигментира.
Hydrostop е сертифициран производ како траен премаз за хидроизолација со врвен квалитет и гаранција!
Најлесен и најдобар начин да ги решите проблемите со протекување на вода ТРАЈНО!
Прави заштитен слој кој е 100% водоотпорен, штити од корозија, има 100% UV заштита и е 100% отпорен на пукнатини!
Отпорна на температури од -35º C до 80º C.
Површините премачкани со Hydrostop се комплетно отпорни на дожд, град, снег, сонце, ветер, влага, воздух, UV зраци и други атмосферски влијанија.
Идеалена е за површини со пукнатини поради својата еластичност.
Лесно се нанесува, со четка или ваљак.
Широка примена кај рамни кровови, базени, купатила, тераси, подруми, темели и многу повеќе.
Има трајна еластичност.

ПРИМЕНА:
● Хидроизолација на: кровови, подови, балкони, базени, бањи, фонтани и многу повеќе.
● Поправка и реновирање на стари водоотпорни облоги, вклучувајќи ги и битуменски материјали.
● Заштита на хидроизолација на подземни делови од згради, керамички плочки, околу прозорец, оџаци, итн.
● Заштита од влага на метални површини (алуминиум, бакар, поцинковани, итн).

НАЧИН НА РАБОТА:
Подлогата на која се нанесува Hydrostop (течна гума) мора да биде чиста и сува со максимална влажност од 8% – 12%, доколку бетонската подлога е испукана,

пукнатините треба да се пополнат или целата површина да биде глетована (со лепак за надворешни услови). Подготвената површина за третирање со Hydrostop (течна гума) (пред употреба да се промеша) најпрвин се премачкува со основа “POLIGRUND” за подобра лепливост кој треба целосно да биде исушен (минимум 8 часа).
По сушење на основата со четка или ваљак се нанесува Hydrostop (течна гума) – парцијално метар по метар и веднаш на првиот метар додека течната гума е мокра се поставува полиестерско платно за армирање и врз платното се нанесува уште еден слој Hydrostop (течна гума) се додека платното целосно не биде покриено. Се остава да се суши минимум 8 часа и потоа се нанесува уште еден слој на Hydrostop (течна гума) – завршен слој односно по следниот технолошки ред:
1. Нанесување на хидроизолационен слој основа “POLIGRUND”
2. По сушење на основата со четка или ваљак се нанесува Hydrostop (течна гума) – парцијално метар по метар и веднаш на првиот метар додека течната гума е мокра се поставува полиестерско платно за армирање и врз платното се нанесува уште еден слој Hydrostop (течна гума) се додека платното целосно не биде покриено.
3. Нанесување на последен завршен слој на Hydrostop (течна гума).

ВНИМАНИЕ! Завршниот слој се нанесува по сушење на претходно нанесените слоеви на Hydrostop (течна гума). Се нанесува при температури над 5°C и не се препорачува да се работи на температури над 35°C и изведба во зимски услови и голема влажност на воздух. Рок на траење: 1 година во оригинална неотворена амбалажа. Не се препорачува чување подолго време на сончева топлина.
Производот не смее да замрзне.
Потрошувачка: 1кг./м2 на идеална површина (сува и мазна).